# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## на општина Охрид


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>13.10.2014 год.<br>БРОЈ 12 ГОДИНА 49 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| **Реден број** | **Име на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Правилник за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги | |

Врз основа на член 50 од Закон за локалната самоуправа ( Службен весник на Р.М бр. 5/2002 ) и член 34 од Статутот на општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр. 8/07 и 1/08 ), а во врска со Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги бр.07-9124/36 од 30.09.2014 година, градоначалникот на ден 13.10.2014 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за спроведување постапка за субвенционирање**
**на трошоци за комунални услуги**

**Член 1**

Со овој правилник се регулира постапката за спроведувањето на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и се утврдуваат компонентите, корисниците и критериумите за избор на корисниците на субвенциите.

**Член 2**

Вкупниот износ на субвенција ќе изнесува 600,оо денари месечно, за секој корисник на субвенцијата и ќе биде составен од следните четири компоненти:

- Покривање на трошоците за потрошена вода за пиење до 250 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;
- Покривање на трошоците за одведување на отпад до 150 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;
- Покривање на трошоците за одведување на отпадни и атмосверски води до 150 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;
- Покривање на трошоците за плаќање на гробна такса-гробарина до 50 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата.

Максималните износи од став 1 на овој член, за секој корисник на комуналните услуги, односно на субвенцијата ќе бидат исти и ќе бидат фиксни, односно нема да зависат од месечните трошоци за секој корисник одделно.

**Член 3**

Субвенционирањето ќе можат да го користат лицата кои имаат статус на:

- Корисник на социјална помош или
- Корисник на постојана парична помош или
- Невработен подолго од 12 месеци, а доколку корисникот е во брак, тогаш и неговиот брачен другар да е невработен,

**Услов за погоренаведените категории е: корисниците и нивните брачни другари да бидат пријавени во Агенцијата за вработување на Р.М и активно да бараат работа; заедно со брачниот другар да не оствариле приходи поголеми од 105.600,оо денари во 2013 година и да не поседуваат друг имот освен оној во кој живеат;**

- Лица кои имаат најмалку 70% степен на инвалидитет или тешка болест, односно нивниот брачен другар или друг член на семејството е со инвалидитет од најмалку 70% или има тешка болест.

  Како тешка болест во оваа категорија се подразбираат малигни или церебрално васкуларни заболувања.

**Услов за оваа категорија на корисници ( по основ на инвалидитет или тешка болест ) е во 2013 година, заедно со брачните другари да не остваруваат приходи поголеми од 105.600,оо денари, како и да не поседуваат друг имот освен оној во кој живеат.**

**Член 4**

Сите категории на граѓани утврдени во член 3 од овој Правилник, субвенционирањето ќе можат да го користат доколку комулативно ги исполнуваат следните критериуми:

- Да се државјани на Република Македонија;
- Да се жители на Општина Охрид;
- Да се корисници на Услуги од: МЈП Проква или ЈП Охридски Комуналец или ЈП Нискоградба или ЈП Градски Гробишта;
- Да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

**Член 5**

За секој корисник на субвенцијата Градоначалникот ќе носи поединечно Решение, по претходно спроведена постапка на јавно огласување, прибирање на барања и обработка на истите.

Јавен оглас за поднесување на барања за субвенционирање на трошоците за комунални трошоци ќе биде објавен од страна на Градоначалникот на Општина Охрид.

Јавниот оглас ќе трае 30 дена, сметано од денот на објавувањето на веб страната на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk.

Постапката по објавениот оглас ќе ја спроведува Комисија, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Охрид.

Комисијата ќе ги прибира поднесените барања, ќе ги обработува истите и за оние баратели кои ги исполнуваат условите по објавениот јавен оглас, ќе доставува предлог до Градоначалникот за избор на корисници на субвенцијата на трошоци за комуналните услуги.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во службен гласник на Општина Охрид.

**Дел.број 08-59/1**
**13.10.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**